Април
2024
#13

Број 13 | април 2024 година

# КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација
ISSN 2671-3772

**Македонска банкарска асоцијација**
е асоцијативна членка на
**Европската банкарска федерација**

EBF European Banking Federation

Содржина:


- ВОВЕД
  - **Милена Перчинкова,** извршен секретар на МБА
- ЗБОР ИМА
  - **Горан Јанкоски,** главен одговорен супервизор за информативни системи, НБРСМ
- ВО ФОКУС
  - **Ивица Ѓорѓевски,** член на Комисијата за информативна сигурност при МБА
  - **Биљана Санев,** заменик-претседавач, Комисија за човечки ресурси при МБА
- СОРАБОТКА СО
  - **Мрежата за одржливо банкарство и финансии (SBFN)**
- РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ
- ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ
- КОРИСНИ ЛИНКОВИ


## ВОВЕД

**МИЛЕНА ПЕРЧИНКОВА,**
ИЗВРШЕН СЕКРЕТАР НА МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА



Почитувани читатели,

Со голема радост и гордост го започнувам овој вовед со успехот на нашите ученици Кирил Китевски и Кристијан Лазароски од Ресен, кои освоија трето место на европското финале во Брисел и имаа привилегија да се сретнат со кралицата Матилда од Белгија.

Задоволството е уште поголемо бидејќи во шест години учество во „Европскиот квиз на пари“, нашите национални победници вторпат се меѓу најдобрите.

Ова е неоспорен доказ за придонесот на Македонската банкарска асоцијација во финансиската едукација на илјадници ученици на возраст од 13 до 15 години.

Имајќи предвид дека едукативниот сегмент е дел од Статутот на МБА, црпејќи искуство како единствена членка од нашата земја во Европската тренинг-асоцијација за банкарство и финансиски услуги (EBTN), МБА ја отвори вратата за финансиска едукација и едукација на вработените во банкарскиот сектор.

Едукацијата е мотив за вклучување во проектот на Франкфуртската школа за финансии и менаџмент под акронимот MiCreS. Целта на проектот е да го премости јазот во финансискиот сектор во Европа преку воспоставување на првиот екосистем за микросертификати. MiCreS треба да придонесе не само за подобрување на индивидуалните вештини, туку и да ги зајакне конкурентноста и приспособливоста на банкарската индустрија.

Едукацијата поврзана со одржливите финансии е придобивката од зачленувањето на МБА во Мрежата за одржливо банкарство и финансии (SBFN) на IFC, која е посветена на унапредување на одржливите финансии во националните развојни приоритети, продлабочување на финансискиот пазар и стабилноста. Претседателството на Комисијата за ЕСГ е веќе дел од програмата за обука на тренери и со нетрпение очекуваме да ги пренесат стекнатите знаења.

На крајот, и не помалку важно, е час поскоро согласно програмата за работа на МБА за 2024 година обезбедување дигитална платформа за едукација на вработените во банкарскиот сектор.

Едукацијата е еден од нашите приоритети бидејќи веруваме дека знаењето е моќ.

Македонската банкарска асоцијација и во периодот што следува ќе продолжи со активности за остварување на заедничките интереси на членките и унапредување на нивното работење во насока на одржливо банкарство, дигитализација, финансиска едукација и финансиска инклузија, сè во интерес на сите чинители на нашето општество. ■

**ГОРАН ЈАНКОСКИ**,
ГЛАВЕН ОДГОВОРЕН СУПЕРВИЗОР ЗА ИНФОРМАТИВНИ СИСТЕМИ, КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ СИСТЕМИ, НБРСМ



# Градење дигитална отпорност во финансискиот систем

Во последните децении финансискиот систем генерално станува сѐ повеќе дигитализиран и меѓусебно поврзан, што го прави особено ранлив на компјутерските напади од дигиталниот простор. Потребата од дигитализација, меѓусебната поврзаност и големата зависност од ИТ-системи и електронски комуникации доведоа до постојан пораст на ризиците од појава на нови, напредни закани од дигиталниот простор кои имаат способност брзо да се прошират и надвор од границите на една држава, често опфаќајќи и институции кои не се нивна примарна цел.

Поради засиленото присуство на банките на современите канали, дигитализацијата на банкарските продукти и услуги и постојаниот пораст на ризиците поврзани со заканите во дигиталниот простор почнувајќи од 2003 година, Народната банка активно работеше на дефинирање на потребната регулатива на подрачјето, која континуирано се надградува согласно најдобрите ЕУ-стандарди и практики. Во такви услови се зголемуваше и потребата од редефинирање и подобрување на процесот на ИТ-супервизијата, зајакнување на капацитетите, засилен специјализиран пристап и координацијата на супервизорските активности во делот на супервизијата и банкарската регулатива на полето на сигурноста на информативниот систем. За таа цел, а следејќи го трендот и добрите практики од другите централни банки во ЕУ, Советот на Народната банка пред две години донесе Одлука со која се формира Канцеларија за супервизија на информативните системи како посебна дирекција во рамките на Секторот за супервизија на Народната банка.

Продолжувајќи го трендот на постојано надградување и унапредување на регулаторната рамка, Народната

Продолжува на следната страница...

банка тековно подготвува и нова Одлука за методологија за сигурност на информативниот систем, усогласена со насоките на Европскиот банкарски орган (ЕБА) за управување со ризиците поврзани со сигурноста (EBA/GL/2019/04). Оваа одлука се планира да биде вовед во активностите за подготовка и воведување нов закон за унапредување на дигиталната оперативна отпорност во финансискиот сектор, усогласен со Законот за дигитална оперативна отпорност (анг. Digital Operational Resilience Act - DORA). Тоа ќе значи и натамошно усогласување на домашната со законската регулатива на ЕУ на ова подрачје.



Законот за дигитална оперативна отпорност (DORA) е производ на потребата за исполнување на една од главните стратешки цели на Европската централна банка за засилено управување со ИТ-ризикот и зголемување на дигиталната отпорност и финансиската стабилност во рамките на ЕУ. Законот во ЕУ е во сила од 16 јануари 2023 година, а сите финансиски институции во период од 24 месеци (до 16 јануари 2025 година) треба да се усогласат со него. **Со овој закон дигиталната отпорност се дефинира како способност за заштита, справување и брзо обновување на деловните процеси на финансиската институција од настани кои може да предизвикаат нивен прекин**. Законот треба да обезбеди поддршка на процесот на дигитална трансформација, правилна примена на новата технологија и поттикнување на иновативноста во новото време на дигитални финансии.

Клучни области што се опфатени со DORA се: управувањето со ИТ-ризикот, управувањето со ризикот од пренесување на извршување оперативни функции/услуги од надворешни лица (outsourcing) и нивен надзор, тестирањето на дигиталната отпорност, управувањето со ИТ-инциденти, споделувањето (размена) информации итн. За поддршка на овој закон, ЕУ дополнително објавува стандарди (RTS - Regulatory Technical Standards и ITS - Implementing Technical Standards) кои во нашата регулатива би биле дел од подзаконска регулатива на подрачјето. Законот создава регулаторна рамка и воведува стандардизирани и хармонизирани принципи за заштита од заканите од дигиталниот простор кои треба да бидат исполнети од институциите во финансискиот сектор со имплементација на потребни контроли за заштита, соодветно управување со сигурносните инциденти и нивна пријава до надлежни тела во земјата и ЕУ. Како новитет се воведува барањето за спроведување тестирање на дигиталната отпорност, согласно кое финансиските институции треба да спроведуваат редовни тестирања на своите ИТ-системи и услуги, за што треба да се известат и регулаторните органи. Исто така, со Законот се воспоставува рамка за соработка и комуникација помеѓу институциите во секторот, домашните и меѓународни надлежни тела и други учесници со цел да се унапреди оперативната отпорност.

Во делот на супервизија на финансиските институции во ЕУ, овластувањата за надзор и оцена на усогласеноста со законот се во надлежност на соодветните супервизорски органи (Supervisory Authorities). Согласно ваквата поделба, во нашата држава орган на надзор кој ќе се грижи за правилна примена на овој закон во банкарскиот сектор би требало да биде Народната банка.

Започнувањето активности за усогласување на домашната регулатива со DORA ќе овозможи унифицирани стандарди за заштита, пријава и справување со сигурносни инциденти, обезбедување деловен континуитет, поголема контрола на надворешните лица кои обезбедуваат важни оперативни функции и засилена комуникација и координација на сите институции во финансискиот сектор на нашата држава. Народната банка во идниот период, во согласност со потребите, редовно и внимателно ќе продолжи да ги следи случувањата поврзани со напади од дигиталниот простор, како и насоките дадени од меѓународните финансиски регулатори и во согласност со нив ќе постапува. ■

# Измами во сајбер-просторот со помош на социјален инженеринг (фишинг)



*Пишува:*
**Ивица Ѓорѓевски**,
член на Комисијата за информативна сигурност при МБА,
одговорно лице за сигурност на информативниот систем (ОСИС) - Стопанска Банка АД – Скопје

Фишинг *(phishing)* нападите се основа во тактиката на социјалниот инженеринг и станаа сеприсутна закана во дигиталниот простор. Со манипулирање со човечката психологија и искористување на довербата, напаѓачите можат да ги измамат жртвите со објавување чувствителни информации или кликање на злонамерни линкови, компромитирајќи лични податоци и/или самата безбедност на организацијата. Овој текст ги согледува различните форми што може да се користат во нападите, нивната длабока поврзаност со принципите на социјалниот инженеринг, како и за порастот на овие видови напади во секојдневната работа и живот.

Фишинг-нападите доаѓаат во различни форми. Секој од нив е дизајниран да искористи специфични ранливости во човековото однесување. Во продолжение се дадени некои од најкористените методи:

**Email Phishing**: Ова е најчест тип напад. Напаѓачите креираат е-писма кои се чини дека се од легитимни извори како банки, финансиски институции или дури од некој колега кој го познавате. Овие е-писма често создаваат чувство на итност или страв, поттикнувајќи го примателот да кликне на злонамерниот линк или да симне инфициран прилог *(attachment)*.

**Smishing**: Слично како и претходниот, и smishing *(SMS Phishing)* користи СМС или текст-пораки за да ги намами жртвите. Овие пораки често содржат скратени URL линкови кои при кликнување водат до веб-страници за фишинг или преземаат малвер на мобилните уреди.

**Vishing**: Овој метод користи телефонски повици до жртвите, каде што напаѓачите лажно се претставуваат како претставници на добро познати организации. Тие можат да тврдат дека откриле сомнителни активности на сметката на жртвата или нудат *„техничка поддршка“*, со цел да ги измамат жртвите и да им ги откријат личните податоци или да им дадат далечински пристап до нивните уреди.

**Spear Phishing**: Овој напад користи таргетиран пристап кој вклучува изработка на е-писма или пораки специјално приспособени на интересите на поединецот. Напаѓачите можат да соберат информации од профилите на социјалните мрежи или податоци од веќе протечени информации преку хакерски напади, за да ги персонализираат своите пораки, правејќи ги да изгледаат поверодостојни.

**Whaling**: Овој тип високо таргетиран напад се фокусира на поединци кои се поставени на високо ниво во рамките на една компанија, како што се директори, сениор директори, извршни директори итн. Напаѓачите спроведуваат длабинско истражување во однос на овие поединци со цел да изработат пораки кои се чини дека потекнуваат од доверлив извор, како што е извршен директор или член на одборот. Целта е обично да се добие пристап до чувствителни финансиски информации или доверливи податоци на компанијата.

Ова се само неколку примери, а напаѓачите постојано евалуираат создавајќи нови фишинг-тактики за искористување на новите технологии и социјалните мрежи. На пример, понудите на *"Phishing-as-a-Service" (PaaS)* на *Dark Web* им овозможуваат дури и на напаѓачите почетници да започнат софистицирани фишинг-кампањи со минимална техничка експертиза. Дополнително, платформите на социјалните мрежи обезбедуваат богатство од лични информации кои напаѓачите можат да ги користат за да занеат многу веројатни обиди за копје.

Фишинг-нападите се темелат на принципите на социјалниот инженеринг. Со разбирање на човечката психологија и искористување на нашите природни склоности кон доверба и итност, напаѓачите можат да манипулираат со жртвите во преземање дејства против сопствените интереси. Вообичаените општествени инженерски тактики кои се користат во фишинг вклучуваат:

**Создавање чувство на итност**: Фишинг-пораките често предупредуваат на итно затворање на сметката, безбедносни нарушувања или правни дејства што би следувале. Овој притисок ги присилува жртвите да ја заобиколат нивната вообичаена претпазливост и да реагираат импулсивно.

Продолжува на следната страница...

## ВО ФОКУС

**Почит на авторитет**: Напаѓачите лажно се претставуваат во име на легитимни организации или поединци од доверба, искористувајќи ја инхерентната човечка тенденција да го почитуваат авторитетот на поединците кои имаат висока позиција.

**Создавање страв и несигурност**: Фишинг-пораките може да ги истакнат потенцијалните финансиски загуби, кражбата на идентитетот или нарушувањето на податоците. Овој страв може да ја замати проценката и да ги наведе жртвите да донесат избрзани одлуки. Искористување на љубопитноста: Некои обиди за фишинг може да користат интригантна содржина или прилози за да ја искористат љубопитноста, принудувајќи ги жртвите да кликнат или да ги отворат прилозите за да научат повеќе.

Распространетоста на нападите е причина за сериозна загриженост. Еве еден поглед во моменталната состојба на оваа закана:

**Зголемување на принципот „работа од дома"**: Промената кон принципот „работа од дома" создаде огромна можност за измами со фишинг. Со пристапот на вработените до корпоративните е-писма и документи надвор од безбедносниот периметар на компанијата, тие стануваат поранливи на вешто маскирани обиди за фишинг.

**Софистицираност на нападите**: Фишинг-тактиката станува сè пософистицирана. Напаѓачите користат техники како што се „лажирање на пораки", каде што адресите на испраќачите се фалсификувани за да имитираат легитимни извори и создаваат речиси совршени реплики на вистински веб-страници за да ги измамат жртвите.

**Губење податоци и персонализација**: Бројот на зголемени случаи на нарушување на податоците им овозможува на напаѓачите богатство на лични информации за потенцијалните жртви. Ова овозможува високо персонализирани обиди за фишинг и понатамошно зголемување на нивната ефикасност.

**Финансиски загуби и репутациска штета**: Последиците од успешните напади на фишингот можат да бидат ужасни. Поединците можат да изгубат пари, да се соочат со украден идентитет и да страдаат од емоционален стрес. Организациите се соочуваат со финансиски загуби, штета на угледот и потенцијални регулаторни санкции.

Надвор од искористувањето на когнитивните пристрасности, напаѓачите сè повеќе ги вклучуваат психолошките принципи како социјален доказ и реципроцитет во нивните шеми. Фишинг-измамите може да имаат измислени сведоштва од задоволни муштерии или да ја користат моќта на логоата од организации од доверба за да создадат лажно чувство на безбедност. Дополнително, напаѓачите може да се претстават како претставници од тимовите за поддршка на корисниците, нудејќи *помош* за решавање непостојно прашање, надевајќи се на природната наклонетост на жртвата да ја прифати помошта.

Распространетоста на фишинг-нападите е со растечка загриженост. Според одредени извештаи од 2023 година, речиси половина (43%) од сите успешни напади врз организациите користеле социјален инженеринг, при што најчеста тактика се фишинг-писмата. Ова ја истакнува ефикасноста на обидите за фишинг и исто така ранливоста на поединците и организациите.

Зголемувањето на софистицираноста на кампањите со фишинг-напади уште повеќе го влошува проблемот. Напаѓачите користат сè пософистицирани техники, како што се користењето малициозен софтвер за крадење креденцијали директно од корисничките уреди или користење на deepfake техника за да се претставаат како вистински луѓе во нападите. Овие напредни техники го отежнуваат процесот на препознавање и избегнување на измамите.

Широкото користење на услуги базирани на облак и работа од дома по пандемијата на ковид-19, исто така, создаде нови можности за напаѓачите. Фишинг-нападите се маскирани како легитимни работни комуникации или пораки поврзани со алатките за далечински пристап, кои можат лесно да ги заобиколат традиционалните безбедносни мерки. Понатаму, распространетата природа на принципот „работа од дома" може да биде отежнувачка околност за организациите да ја следат активноста на вработените и да обезбедат обука за безбедносна свест во реално време.

Фишинг-нападите претставуваат значајна закана во денешниот дигитален свет. Исто така, претставуваат значајна закана за поединците, бизнисите и критичната инфраструктура. Со разбирање на различните форми кои се користат во овие напади, тактиките на социјалниот инженеринг кои ги користат и заканите кои евалуираат, подобро можеме да се заштитиме себеси и нашите организации. Редовната обука за безбедносна свест, споена со здрава доза на скептицизам кон непожелни е-писма, повици и пораки, е клучна линија на одбрана. Останувајќи информиран и буден, можеме да спречиме да бидеме жртви на измами. ■

# Автентично лидерство, вистина и/или предизвик во срцето на лидерството



*Пишува:*
**Билјана Санев**,
заменик-претседавач,
Комисија за човечки ресурси при МБА
(директор на Дирекција за човечки ресурси, Шпаркасе банка АД Скопје)

Лидерството денес е поразлично од лидерството вчера. Претставниците на помладата и едуцирана генерација сѐ повеќе сакаат да доаѓаат на нивните работни места инспирирани и мотивирани. Но, за да се случи тоа, треба да им веруваат на луѓето кои ги водат. Поради овие повисоки очекувања, од витално значење е денешните лидери да можат да ги инспирираат вработените што ги водат преку „автентично лидерство".

Самото истражување на „автентичноста" потекнува од времето на грчките филозофи, па во нивните размислувања и дела се споменува „спознавање на себеси". Суштината на автентичноста е познавањето на себеси, прифаќањето и зачувувањето на себеси онакви какви што навистина сме. Автентично значи дека нешто е оригинално, веродостојно, вистинито. Michie и Gooty (2005) даваат објаснување за автентичното лидерство наведувајќи дека автентичното лидерство значи искрена желба да им служи на другите преку сопственото лидерство.

Овој начин на лидерство сѐ повеќе добива значење и фокус денес од причина што се заснова на вредности и етика, и создава организација која може да одржи долгорочен успех. Овие лидери ја сфаќаат големата одговорност што ја носат и ги ставаат луѓето и компанијата пред себе, го подобруваат тимскиот дух и придонесуваат за развој на тимови со високи перформанси и со силно чувство за цел. Тие градат доверба со вработените охрабрувајќи ја отворената комуникација, држејќи се до своите идеали и прикажувајќи се какви што навистина се. На овој начин се создаваат услови за поголема доверба, што им помага на луѓето да ги надградат своите силни страни и да бидат позитивни, да го прошират своето размислување, да додадат вредност и чувство за тоа што е правилно во нивните одлуки и да ја подобрат севкупната ефективност на нивната организација.

Длабоката самосвест е во срцата на автентичното лидерство. Овие лидери се доживотни ученици и постојано се ангажирани во сопственото учење и развој додека растат како поединци. Кога лидерите се познаваат себеси и имаат јасно чувство за тоа кои се и што претставуваат, тогаш тие имаат силна основа за нивните одлуки и постапки. Тие се верни на себе и своите вредности, самосвесни се и имаат вистински вредности, водени од мисијата и резултатите. Автентичните лидери знаат кои се, во што веруваат и постапуваат чесно и отворено врз основа на нивните убедувања, но истовремено се директни, полни со самодоверба и проактивни. Автентичните лидери ги ставаат мисијата и целите на организацијата пред нивниот сопствен интерес. Ја работат работата поради резултатите, а не поради добивање моќ или его.

Емоционалната интелигенција е прецизен показател за успех на лидерството денес. Овие лидери се свесни за нивните вредности, слаби страни и нивните емоции. Пред своите следбеници тие го покажуваат вистинското јас и не го менуваат однесувањето во зависност од соговорникот. Овие лидери не се плашат да ги покажат своите емоции и да се поврзат со своите вработени, но тоа не значи дека тие се меки. Токму директната комуникација е клучна за успех, но само ако е придружена со емпатија, во спротивно ваквата комуникација би била сурова. Лидерите кои ги разгледуваат сите страни на проблемот се водат од сопствениот морал, јасно ги соопштуваат своите идеи и се свесни и за сопствените силни и слаби страни.

Потребно е да се гради корпоративна култура која се грижи и за успехот на поединецот и за самата компанија. За ова се потребни напорна работа и трпение, но овој пристап дава успех на долг рок и ќе придонесе за развој на идни наследници, лидери. Вработените што ги следат автентичните лидери со задоволство го прават тоа бидејќи таквите лидери се доверливи, весели и лојални.

Верувам дека сите ќе се сложиме дека автентичното лидерство има сѐ поголемо значење во денешницата бидејќи луѓето бараат лидери на кои можат да им веруваат. Значи, се работи за тоа да бидеме искрени пред себе, да дејствуваме со страст и интегритет, да покажеме љубов и сочувство кон другите, да инспирираме и да се работи, води и напредува оптимистички кон реализација на визијата и мисијата на компанијата. За да успее процесот, неопходно е да се развие поддржувачка корпоративна култура, а тоа ќе резултира со поголема самосвест и саморегулирачко однесување и на овој начин се создава етичка спирала на раст и развој што води до самодоверба, верба во себе и успех за поединци, тимови и организација.

Автентичното лидерство оди над и подалеку од другите нивоа на лидерство стремејќи се кон победа за поединецот, победа за тимот, победа за организацијата и победа за целото општество. ▪

SUSTAINABLE BANKING and FINANCE NETWORK

# Мрежа за одржливо банкарство и финансии (SBFN)

Мрежата за одржливо банкарство и финансии (Sustainable Banking and Finance Network -SBFN) е платформа за споделување знаење и градење капацитети за одржливи финансии за регулаторите на финансискиот сектор и индустриските здруженија низ пазарите во развој.

Овозможена од Меѓународната финансиска корпорација (IFC) како секретаријат и поддржана од Групацијата на Светска банка, SBFN помага во мобилизирање информации, ресурси и практична поддршка за членовите да дизајнираат и да спроведат национални иницијативи кои унапредуваат одржливи финансии на национално, регионално и глобално ниво.

Членовите на SBFN се посветени да го придвижат својот финансиски сектор кон одржливост, со двојни цели да:

- го подобрат менаџирањето со еколошките, општествените и ризиците од корпоративното управување (ESG) - вклучувајќи ги и климатските ризици - низ финансискиот сектор;
- ги зголемат капиталните текови во активности со позитивни еколошки и општествени влијанија, вклучително и ублажување и адаптација на климатските промени.

Основана во 2012 година, SBFN е доброволна заедница на регулатори на финансискиот сектор, централните банки, министерства за финансии, министерства за животна средина и индустриски здруженија од пазарите во развој, посветена на унапредување на одржливото финансирање за приоритетите на националниот развој, продлабочувањето на финансискиот пазар и стабилноста.

Продолжува на следната страница...

# СОРАБОТКА СО




Заклучно со февруари 2024 година, SBFN опфаќа 89 институции членки, кои претставуваат 68 земји и 68 трилиони американски долари (92 проценти) од вкупните банкарски средства на пазарите во развој.

Членството во SBFN нуди пристап до:

- олеснета меѓусебна размена меѓу членовите, вклучувајќи студиски патувања, виртуелно споделување знаење и настани за учење;
- градење капацитет, вклучувајќи приспособени виртуелни и физички сесии за да им се помогне на членовите да стекнат знаење, организациски способности и пристапи на управување за поддршка на одржливи финансиски иновации;
- виртуелни и физички меѓународни собири;
- техничка поддршка и експертски преглед за да им се помогне на членовите да формулираат одржливи финансиски рамки, вклучувајќи национални мапи, политики, принципи и насоки;
- координација со советодавните програми на IFC и Светска банка со цел да им се обезбеди директна советодавна поддршка на членовите во развојот на одржливи финансиски рамки и капацитети;
- тематски работни групи предводени од членови за развивање истражување и заеднички пристапи за приоритетни теми;
- онлајн база на знаење што содржи податоци за земјата, студии на случај, мисловно водство на SBFN и библиотека на рамки развиени од членовите во текот на повеќе од една деценија;
- мерење на напредокот на земјите членки кон одржливо финансирање преку SBFN Global, Country Progress Reports и Online Data Portal.

Области на работа на SBFN и примери од практика:

**I. Патокази за одржливи финансии**
- Искористување на новиот патоказ за одржливи финансии на SBFN
- Обезбедена поддршка за развој на рамка во многубројни земји членки на SBFN, вклучувајќи ги Грузија и Монголија

**II. Таксономии за одржливи финансии**
- Лекции за градење капацитети и техничка помош од 12 земји на SBFN, ASEAN и ЕУ
- Претстојниот пакет со алатки за таксономија

**III. Принципи и насоки**
- Експертско разгледување на нацрт-рамките на членовите по барање, искористување на лекциите од другите земји членки на SBFN и увид во меѓународната добра практика

**IV. Рамки за обелоденување**
- Методологија и рамка за мерење од SBFN
- Работна група за користење податоци и обелоденување
- Поддршка со рамки, анкети, прашалници. ■

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ



## МБА - ПАРТНЕР НА FRANKFURT SCHOOL OF FINANCE & MANAGEMENT

▪ Претседателката на Македонската банкарска асоцијација, д-р Маја Стевкова Штериева, и извршниот секретар, м-р Милена Перчинкова, присуствуваа на почетен состанок за Еразмус проектот насловен „European micro-credentials and professional qualifications certification system in the banking & financial services sector MiCreS" што се одржа во Франкфурт, Германија.

Прочитај повеќе...

## МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Ѝ СЕ ПРИДРУЖУВА НА SBFN




▪ Мрежата за одржливо банкарство и финансии (SBFN) ја поздрави Македонската банкарска асоцијација (МБА) како нејзина најнова членка.

Со усогласување на силите со SBFN, МБА има цел да ја засили својата посветеност на одржливи финансии на финансискиот сектор во земјата. Соработката има цел да создаде погодна средина за управување со ESG ризиците и перформансите, поттикнувајќи иновации на финансиските производи кои ќе го насочат протокот на капитал кон активности усогласени со еколошките и социјалните цели.

Прочитај повеќе...




## ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА МБА, Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА, ПАНЕЛИСТ НА ПРВАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ ВО РС МАКЕДОНИЈА

▪ Во организација на Институтот за сметководители и овластени сметководители на РС Македонија се одржа Првата регионална конференција на сметководители и овластени сметководители во РС Македонија, под наслов Сметководството во регионот – трендови, предизвици, стандарди и перспективи, на која како панелист учествуваше претседателката на Македонската банкарска асоцијација, д-р Маја Стевкова Штериева.



Претседателката во своето излагање даде силна подршка на процесите за развој на сметководствената професија и го нагласи значењето на правилната имплементација на меѓународните сметководствени стандарди (МСФИ) од два аспекти:

- Имплементирање на МСФИ во финансиските извештаи на клиентите на банките и
- Имплементација на МСФИ и објективно презентирање на финансиските извештаи од страна на банките.

Прочитај повеќе...

Април 2024 #13

МБА Македонска Банкарска Асоцијација

КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

# ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ




## НАШИОТ ТИМ СО БРОНЗЕН МЕДАЛ НА ФИНАЛЕТО НА ЕВРОПСКИОТ КВИЗ ЗА ПАРИ 2024 ГОДИНА

▪ Учениците Кирил Китевски и Кристијан Лазароски од СОУ „Цар Самоил“од Ресен, под менторство на професорката Дијана Ѓоргиевска го освоија третото место на финалето на Европскиот квиз за пари 2024 година, кое се одржа на 19.4.2024 година во Брисел, Белгија, во организаација на Европската банкарска федерација (ЕБФ).

Прочитај повеќе...



## КРАЛИЦАТА МАТИЛДА СЕ СРЕТНА СО НАШИОТ ТИМ КОЈ ОСВОИ БРОНЗА НА ЕВРОПСКИОТ КВИЗ НА ПАРИТЕ

▪ Нашите претставници на Европскиот квиз на парите, учениците Кирил Китевски и Кристијан Лазароски, кои го освоија третото место на овој престижен меѓународен натпревар за млади во областа на финансиската писменост, оствариja средба со Нејзиното Височество, кралицата Матилда од Белгија.

Прочитај повеќе...

## ГЛОБАЛНАТА/ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА ПАРИ ОДБЕЛЕЖАНА СО РАБОТИЛНИЦА „СТОП ЗА ПРОПУСТИТЕ ВО ГАРАНЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ!“ ОРГАНИЗИРАНА ОД КОМИСИЈА ЗА ДОКУМЕНТАРНО РАБОТЕЊЕ

▪ Во рамките на Глобалната/Европската недела на пари Комисијата за документарно работење (КДР) организираше работилница насловена: **Стоп за пропустите во гаранциско работење!**

Прочитај повеќе...

## ДИСКУСИЈА НА ТЕМА „ДИРЕКТИВАТА ЗА НПЛ (2021/2167) – ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВИТЕТИ, КОМЕНТАР И АНАЛИЗА ЗА ЛОКАЛНИОТ ПАЗАР“

▪ Претставниците на Комисијата за ризици и Комисијата за финансиско реструктурирање на корпоративен долг при Македонската банкарска асоцијација и ЕОС Матрикс одржаа стручна дискусија со фокус на предизвиците и корисностите од развојот на длабок и ликвиден секундарен финансиски пазар во земјата.

Прочитај повеќе...

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
https://www.nbrm.mk/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
https://finance.gov.mk/

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
https://www.sec.gov.mk/

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
https://www.mse.mk/

**ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
http://www.cdhv.mk/

===============

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
https://ecommerce.mk/

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
https://opm.org.mk/

===============

**ЕВРОПСКА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА** / EBF- EUROPEAN BANKING FEDERATION
https://www.ebf.eu/

**БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на ЦЕНТРАЛНА и ИСТОЧНА ЕВРОПА** / BACEE - BANKING ASSOCIATION FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE
https://bacee.hu/

*Ставовите искажани во овој билтен се лични ставови на авторите. МБА не презема никаква одговорност за веродостојноста и оригиналноста на доставените текстови.

Издава:
Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење **МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА** Скопје

МБА Македонска Банкарска Асоцијација

*Главен и одговорен уредник:*
**Милена Перчинкова,**
извршен секретар

*Лектор:*
**Ивана Кузманоска**

**МБА Е-билтен,**
26.04.2024

ISSN 2671-3772

Април 2024
#13